НА ПЛОШТАДОТ ВО АВТОКОМАНДА

# Коњаникот ќе дојава пред Нова година


Tweet

Like 0 Share


8 октомври 2010 - 15:02

Од општината информираат дека леарницата "Јеремиц" има доставено временска рамка со план како ќе се одвиваат фазите до конечното поставување на скулптурите. Деловите од скулптутрите беа осигурени пред носењето во леарницата. Врдноста на договорот изнесува 19.671.266,70 денари или 319.780 евра, а рокот за поставување на скулптурите е до крајот на 2010 година

Од Општина Гази Баба велат дека по неколкуте објавени конкурси за споменик плоштадот во населбата Автокоманда конечно ќе се закити со споменик. Монументалната скулптура на коњаник на постамент треба да биде изведена во траен материјал и да се вклопи во зададениот архитектонски простор. Постапката за спомен-обележјето - скулптура на коњаник на постамент, што треба да биде поставен на плоштадот во населбата Автокоманда, е започната уште во 2008 година. Склуптурата на коњаник ќе се постави во населбата Автокоманда, помеѓу воената кула и детската градинка "Детска радост", поточно меѓу улицата "Јани Лукровски" и булеварот "Александар Македонски".

Одговорните од општината велат дека на првиот тендер не избрале фирма за леење, бидејќи немало прифатлива понуда.
- Вториот тендер за леење во бронза на скулптура - коњаник и човечки фигури за фонтана, беше објавен на 31 март 2010 година. На 26 мај беше отворањето на шесте пристигнати понуди. Најповолен

понудувач на тендерот за лиење на спомен-обележјето коњаник и скулптурите за фонтаната е леарницата Јеремиц" од Белград, велат од општината.

Оттаму додаваат дека на 30 јули потпишан е договор за леење во бронза на скулптура - коњаник со релјефи за постамент и за осум човечки фигури за фонтаните.
- Леарницата Јеремиц" има доставено временска рамка со план како ќе се одвиваат фазите до конечното поставување на скулптурите. Деловите од скулптутрите беа осигурени пред носењето во леарницата. Врдноста на договорот изнесува 19.671.266,70 денари или 319.780 евра, а рокот за поставување на скулптурите е до крајот на 2010 година, информираат од општината.

***(А.И.)***

Like Share Be the first of your friends to like this.

## Поврзани



**Трамп на „Твитер“: Ја поразивме Исламска држава**



**Захарова: Американците се пречка за мир во Сирија**



**(Видео) Џереми Корбин ја нарече Тереза Меј „глупава жена“**



**Да и помогнеме на Неделка од Скопје**



**Десетгодишно девојче од Сиера Леоне почина по осакатување на гениталиите**